Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-498/3
11.12.2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08 – 498/1 од 09.07.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија“ бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација бр. 08-498/1 од 09.07.2024 година поднесена од [redacted] од Скопје **поради неуредност.**

### О б р а з л о ж е н и е

[redacted] на 09.07.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација преку системот за електронско пријавување на Комисијата поднесе претставка за заштита од дискриминација заведена под бр. 08-498/1.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно не содржеше наведени факти и околности врз кои се темели претставката, Комисијата согласно член 24 став 2 од истиот Закон, до подносителката во два наврати изврши достава преку пошта на Барање бр. 08-498/2 од 12.07.2024 година за доуредување на претставката, уредно доставено на 26.08.2024 година. Подносителката во предвидениот рок не ја доуреди претставката.

Од горенаведените причини, се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател,
Димко Бејзароски

*Доставено до:*

- [redacted]
- *Архива на Комсијата*